РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09-734/5
24.03 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено: / Pranuar: 24 MAR 2026
Орг. един. / Nj. org. | Број: / Numer: 26-319/18 | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë:

До
**Министерство за образование и наука**

**Педагошка служба**

Предмет: Мислења за учебници
Врска: Ваш број 26-319/17 од 13.3.2026 година

Почитувани,

**Бирото за развој на образование** го разгледа дописот со број 26-319/17 од 13.3.2026 година, во Бирото заведен под бр. 09-734/1 од 13.3.2026 година со кој Педагошката служба бара мислење во однос на ракописи за учебници по предметот Музичка уметност за втора година гимназиско образование со шифра 016, 017, 018, 019 и 020. За подготовка на мислењата беше составена работна група со Решение број 02-734/3 од 16.3.2026 година, која врз основа на индикаторите предвидени во Методологијата за вреднување учебници, а согласно Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) изработи стручни мислења за секој од ракописите.

Образложените стручни мислења се во прилог.

Со почит,

Директор
м-р Милка Тримчевска
.......................................

Изработила: работна група со Решение бр. 02-734/3 од 16.3.2026 година
Контролирала: м-р Афродита Давко, раководител на одделение
Одобрила: Ајше Арлуаи, раководител на сектор

734/5

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# МИСЛЕЊЕ

За ракописот за учебник по предметот **Музичка уметност** за **II (втора) година** гимназиско образование, **шифра 016**.

## УСОГЛАСЕНОСТ НА СОДРЖИНАТА НА УЧЕБНИКОТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Во однос на усогласеноста на ракописот со наставната програма, ракописот за учебник по Музичка уметност со **шифра 016** не е усогласен со наставната програма. Првенствено, се јавува недостаток во прегледот на содржините на самиот почеток, каде има погрешна формулација на втората тема од програмата, при што е преземен насловот од третата тема (МУЗИЧКА ИЗВЕДБА И КРЕАТИВЕН ИЗРАЗ), а кој треба да гласи Тема 2: МУЗИЧКА ТЕОРИЈА ПРЕКУ ПРАКТИКА. Содржините се урено наведени.

Учебникот не ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените цели/резултати од учењето. Во учебникот не се разработени сите поими предвидени со наставната програма.

## ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ

Освен грешката со насловите на темите во прегледот на содржини при формулацијата на втората тема, понатаму сите засебни содржини имаат заглавие/наслов (header) на десната страница, но на секоја лева страница (каде треба да стои темата на кој и припажа содрината) до самиот крај на ракописот не се менува, односно, низ целиот ракопис заглавие/наслов (header) останува првата тема МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ НИЗ ВРЕМЕТО. Секоја тема на крајот има изработен квиз за проверка на знаењето на кој се одговара на прашања со повеќечлен избор, што претставува помош за наставникот при реализацијата на програмата, но со премногу лесни фактографски прашања. Во прилог на олеснување на работата на наставникот, исто така, на крајот од секоја тема понудена е рубрика *Предлог – распоред по наставни часови*. При тоа, збирот на предложениот број часови од сите четири теми не соодветсвува со вкупниот број часови предвидени со наставната програма (2/72) и изнесува вкупно 40 часа за сите четири теми. Деловите од ракописот за учебник се организирани според тематски целини но недостигаат QR-кодови за композициите наменети за слушање, што го оневозможува користењето на учебникот за учење од дома.
Нивото на тежина на содржините во учебникот **не соодветствува на барањата на наставната програма** и на нивото на когнитивниот развој на учениците. Во учебникот се препознава етноцентричен пристап. Содржините и активностите во учебникот не го одразуваат мултиетничниот состав на државата, не промовираат почитување на сите етнички заедници и не ја поддржуваат меѓуетничката интеграција.

ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО

Учебникот е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето, но процентуалното учеството на секоја тема во вкупните содржини во учебникот во целост **не соодветствува на процентот на часови предвидени за реализација на секоја конкретна** тема/подрачје/ модуларна единица во рамки на вкупниот фонд на часови предвиден за реализација на наставната програма. Имено, во Наставната програма за реализација на првата тема МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ НИЗ ВРЕМЕТО и содржините од истата, предвидени се 40 наставни часа ( поради обемноста на темата и големиот број застапени поими), додека во понудениот ракопис за реализацијата на понудените содржини предвидени се 12 часа од истата тема, што е недоволно за усвојување на поимите и содржините од истата. Опфатени се сите содржини и поими но притоа, дадени се обопштени и оскудни информации за конкретните содржини. На пр., во делот претставници на музичките епохи (каде во наставната програма стандардот за оценување бара да се опише животот и творештвото) тие се опишани во две реченици, без понатамошни активности за истражување и усвојување. Во ракописот од почеток до крај нема доволно наставните содржини, со што е оневозможено постигнувањето на резултатите од учењето. Во наставната програма за реализација се, предвидени 72 часа, додека во ракописот се за реализација се планирани вкупно 40 часа.

ЈАЗИК И СТИЛ

Јазикот и стилот на којшто е напишан ракописот за учебникот е јасен и разбирлив и одговара на возраста на учениците.

ДИЗАЈН

Графичкото обликување обезбедува прегледност на структурата и содржините на лекциите, иако има преголема разновидност во видот и големината на илустрациите, графичките прикази, фотографиите, шемите и сл. Корицата е атрактивна и илустративна и упатува на наставниот предмет Музичка уметност за втора година на гимназиското образование.

***Сумарно мислење:***

Во согласност со изнесеното, Бирото за развој на образование во однос на ракописот за учебник по предметот Музичка уметност за втора година на гимназиското образование, констатира дека ракописот за учебник со **шифра 016** не ги задоволува барањата за усогласеност со наставната програма и **не дава позитивно мислење за истиот.**

Изготвија:
Невена Бошковска, советник - координатор
Горан Стојанов, советник

734/5

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# МИСЛЕЊЕ

За ракописот за учебник по предметот Музичка уметност
**II (втора)** година гимназиско образование, **шифра 017**.

## УСОГЛАСЕНОСТ НА СОДРЖИНАТА НА УЧЕБНИКОТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Во ракописот за учебник по Музичка уметност за **II (втора) година** гимназиско образование со **шифра 017** е констатирано дека прегледот на содржината не ги опфаќа сите теми, а насловите и поднасловите не се секогаш систематски поставени, што го отежнува користењето.

Во таа насока Третата и четвртата тема од наставната програма: *Музичка изведба и креативен израз* и *Музичко културно наследство,* погрешно во ракописот се третирани како содржини во рамките на втората тема *Музичка теорија преку практика.* Истовремено *во нив не се обработени* сите поими предвидени со наставната програма.

Констатирано е дека во ракописот за учебник со **шифра 017** има поими кои воопшто не се застапени во наставната програма, а од друга страна, недостасуваат поимите кои се определени со програмата, во функција на постигнување на резултатите од учењето.

Пристапот кон програмскиот материјал во ракописот е премногу слободен, како во структурата така и во изборот на содржини и поими со кои се разработени темите. Ваквиот пристап не овозможува совладување на материјалот од страна на учениците и постигнување резултатите од учењето и стандардите предвидени со наставната програма по Музичка уметност за **II (втора) година** на гимназиското образование.

***Сумарно мислење:***

Врз основа на севкупната проценка на застапеноста на индикаторите пропишани во рамки на Методологијата за вреднување учебници и согласно Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), утврдено е дека ракописот за учебник по Музичка уметност за **II (втора) година** на гимназиското образование со **шифра 017** не ги задоволува барањата според пропишаните критериуми предвидени со Методологијата за вреднување на учебници и следствено на тоа Бирото за развој на образованието **не дава позитивно мислење.**

Изготвија:
Невена Бошковска, советник - координатор Бошковска Н.
Горан Стојанов, советник

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# МИСЛЕЊЕ

За ракописот за учебник по предметот Музичка уметност
**II (втора) година** гимназиско образование, **шифра 018**.

## УСОГЛАСЕНОСТ НА СОДРЖИНАТА НА УЧЕБНИКОТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Ракописот за учебник со **шифра 018** е констатирано дека прегледот на содржината ги опфаќа сите четири теми од наставната програма, а насловите и поднасловите се секогаш систематски поставени, што го олеснува користењето.

Претставени се сите наставни содржини и сите поими кои се однесуваат на наставните содржини. Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените резултатите од учењето.

Деловите од ракописот за учебник се организирани според хронолошки редослед и тематски целини, лесно достапни за учење.

## ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ

Содржините во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на очекувани резултати и наставни содржини. Презентирани се точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на постигнување на резултатите од учењето и се прилагодени на соодветното когнитивно развојно ниво на учениците.

Ракописот за учебник не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различностите по сите основи.

## ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО

Ракописот за учебник е структуриран и организиран така што овозможува прегледност и го олеснува користењето, организиран така што на учениците им овозможува сами да учат од него. Исто така, застапени се задачи и активности од различни нивоа што учениците со различни предзнаења ги поттикнува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот. Во ракописот за учебник се вклучени актуелни примери од современа македонска и светска музичка литература. Развиени се јасни прашања и задачи поврзани со наставните содржини. Примерите се релевантни (музиколошките текстови, нотните примери за изведбени активности). Илустрациите (текстуални, визуелни, табеларни прикази) го разјаснуваат материјалот, а секоја наставна содржина е јасно издвоена и прегледна. Ракописот за учебник вклучува прашања за самопроверка и задачи за истражување. Предложени се многу активности за индивидуална и кооперативна работа.

ЈАЗИК И СТИЛ

Јазикот и стилот на којшто е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. Речениците по должина и по конструкција се соодветни на возраста.

Ракописот за учебник ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан.

ДИЗАЈН

Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. Сите илустрации што се вклучени во учебникот се логички распоредени и означени, со точно и соодветно користење на фонтовите, симболите за означување на делови од текстот или пак рубрики. Фотографиите се со соодветна резолуција. Корицата графички упатува на наставниот предмет Музичка уметност за втора година на гимназиското образование.

*Сумарно мислење:*
Врз основа на севкупната проценка на застапеноста на индикаторите пропишани во рамки на Методологијата за вреднување учебници и согласно Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), утврдено е дека ракописот за учебник по Музичка уметност за **II (втора) година** на гимназиското образование со **шифра 018** ги задоволува барањата според пропишаните критериуми предвидени со Методологијата за вреднување на учебници и следствено на тоа Бирото за развој на образованието **дава позитивно мислење.**

Изготвија:
Невена Бошковска, советник______________
Горан Стојанов, советник______________

734/5

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

За ракописот за учебник по предметот **Музичка уметност**
**II (втора) година** гимназиско образование, **шифра** 019.

УСОГЛАСЕНОСТ НА СОДРЖИНАТА НА УЧЕБНИКОТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Во однос на ракописот за учебник со **шифра 019** констатирано е дека прегледот на содржини ги опфаќа сите четири теми од наставната програма, а насловите и поднасловите се секогаш систематски поставени, што го олеснува користењето.
Деловите од ракописот за учебник се организирани според хронолошки редослед и тематски целини, лесно достапни за учење.
Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените резултатите од учењето.

**Претставени се сите наставни содржини, но недостасуваат мал број поими во одредени наставните содржини:**

- **во првата тема во содржината Романтизмот во словенските земји недостасуваат поимите историска опера и опера бајка;**
- **не се предвидени активности за секоја лекција, туку е дадена интегрирана групна активност по завршетокот на секоја содржина, која се однесува на поголем број лекции, што е пркточно и дидактички неоправдано;**
- **во втората тема во содржината *Скали, интервали и акорди* не е целосно обработена мелодиската молска скала;**
- **не се дадени визуелни примери односно активности за градбата на акордите преку поимот градење на клавијарура.**
- **во втората тема, во втората содржина *Ритам, метар и такт* недостига обработка на поимот легатура, кој е клучен за усвојување на синкопа како поим;**
- **во третата содржина од истата тема во наративот се спомнати, но не се обработени поимите истоветност – повторување, сличност – варирање и контраст – нова тема, кои се суштински поими за разбирање на градбените делови на музичките форми;**
- **во втората тема *Музичка теорија преку практика,* во третата содржина недостига графички или шематски приказ на структурата на деловите од музичките форми кои како поими се обработуваат, како и трансверзално поврзување со други подрачја, (архитектура, литература, сликарство) што во случајов недостига заради разбирање на шемите на структурата (дводелни, тридели, циклични и др.)**

ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ

Содржините во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, освен недостатоците наведени во првото подрачје. Презентирани се точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија.

Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на постигнување на резултатите од учењето и се прилагодени на соодветното когнитивно развојно ниво на учениците. Во содржината Ритам, метар и такт има пресложени примери за тактирање.

Ракописот за учебник не развива и не поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различностите по сите основи.

ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО

Ракописот за учебник е структуриран и организиран така што овозможува прегледност и го олеснува користењето, така што на учениците да можат сами да учат од него. Исто така, застапени се задачи во вид на прашања, **но недостигаат активности** за секоја лекција (согласно Методологијата). Во ракописот за учебник се вклучени актуелни примери од современа македонска и светска музичка литература. Секоја наставна содржина е јасно издвоена и прегледна.

ЈАЗИК И СТИЛ

Јазикот и стилот на којшто е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините.

ДИЗАЈН

Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. Корицата графички упатува на наставниот предмет Музичка уметност за втора година на гимназиското образование.

*Сумарно мислење:*

Врз основа на севкупната проценка на застапеноста на индикаторите пропишани во рамки на Методологијата за вреднување учебници и согласно Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), утврдено е дека ракописот за учебник по Музичка уметност за **II (втора) година** на гимназиското образование со **шифра 019** - ги задоволува барањата според пропишаните критериуми предвидени со Методологијата за вреднување на учебници и следствено на тоа Бирото за развој на образованието **дава позитивно мислење.**

Изготвија:
Невена Бошковска, советник
Горан Стојанов, советник

734/5

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# МИСЛЕЊЕ

За ракописот за учебник по предметот Музичка уметност
**II (втора) година** гимназиско образование, **шифра 020**.

## УСОГЛАСЕНОСТ НА СОДРЖИНАТА НА УЧЕБНИКОТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Ракописот за учебник со **шифра 020** е констатирано дека прегледот на содржината ги опфаќа сите четири теми од наставната програма, а насловите и поднасловите се секогаш систематски поставени, што го олеснува користењето.

Претставени се сите наставни содржини и сите поими кои се однесуваат на наставните содржини. Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените резултатите од учењето.

Деловите од ракописот за учебник се организирани според хронолошки редослед и тематски целини, лесно достапни за учење.

## ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ

Содржините во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на очекувани резултати и наставни содржини. Презентирани се точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на постигнување на резултатите од учењето и се прилагодени на соодветното когнитивно развојно ниво на учениците.

Ракописот за учебник не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различностите по сите основи.

## ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО

Ракописот за учебник е структуриран и организиран така што овозможува прегледност и го олеснува користењето, организиран така што на учениците им овозможува сами да учат од него. Исто така, застапени се задачи и активности од различни нивоа што учениците со различни предзнаења ги поттикнува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот. Во ракописот за учебник се вклучени актуелни примери од современа македонска и светска музичка литература. Развиени се јасни прашања и задачи поврзани со наставните содржини. Примерите се релевантни (музиколошките текстови, нотните примери за изведбени активности). Илустрациите (текстуални, визуелни, табеларни прикази) го разјаснуваат материјалот, а секоја наставна содржина е јасно издвоена и прегледна. Ракописот за учебник вклучува прашања за самопроверка и задачи за истражување. Предложени се многу активности за индивидуална и кооперативна работа.

Учебникот за полесно да им овозможи на учениците сами да учат од него, потребно е сите **непознати зборови односно клучни поими предвидени со наставната програма јасно да се истакнат, т.е. да се болдираат во основниот текст и да се истакната во посебна рубрика (речник на нови поими).**

ЈАЗИК И СТИЛ

Јазикот и стилот на којшто е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. Речениците по должина и по конструкција се соодветни на возраста.

Ракописот за учебник ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан.

Во втората тема МУЗИЧКА ТЕОРИЈА ПРЕКУ ПРАКТИКА **потребно е имињата на скалите кои се изучуваат, да се пишуваат со едно писмо (кирилично или латинично), а не комбинирано. Конкретно да стои D-dur и B-dur или Де-дур и Бе-дур, истото важи и за паралелните молски скали.**

ДИЗАЈН

Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. Сите илустрации што се вклучени во учебникот се логички распоредени и означени, со точно и соодветно користење на фонтовите, симболите за означување на делови од текстот или пак рубрики. Фотографиите се со соодветна резолуција. Корицата графички упатува на наставниот предмет Музичка уметност за втора година на гимназиското образование.

*Сумарно мислење:*

Врз основа на севкупната проценка на застапеноста на индикаторите пропишани во рамки на Методологијата за вреднување учебници и согласно Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), утврдено е дека ракописот за учебник по Музичка уметност за **II (втора) година** на гимназиското образование со **шифра 020** ги задоволува барањата според пропишаните критериуми предвидени со Методологијата за вреднување на учебници и следствено на тоа Бирото за развој на образованието **дава позитивно мислење.**

Изготвија:
Невена Бошковска, советник____
Горан Стојанов, советник____

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

Ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 20, Скопје
Rr. „Rugjer Boshkoviq“ nr. 20, Shkup
St. „Rugjer Boshkovikj“ nr. 20, Skopje

+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk